# Orosal® 65, прашок за подготовка на раствор за перорална употреба

**Додаток на исхрана – храна за посебна нутритивна употреба**

**Orosal® 65** е направен во соработка со проф. др Недељко Радлович и проф. др. Рашко Степанович

**Orosal® 65, прашок за подготовка на раствор за перорална употреба** е диететски производ – храна за посебна нутритивна употреба со глукозно-електролитен раствор, наменет за потребите за исхрана/рехидратација на деца и возрасни, во лесни и средно тешки форми на дијареа, како и во други состојби следени со зголемени потреби за вода и електролити, на пр. тешки изгореници, подготовка на болниот за рендген и ендоскопски испитувања на дебелото црево и друго.

| **Состав на активните компоненти** | **1 ќесичка (6,5 g)** | **% НРВ*** | **100 g** |
|---|---|---|---|
| Глукоза | 5,0 g | - | 76,92 g |
| Натриум хлорид (NaCl) | 600,0 mg | - | 9,23 g |
| Натриум хидрогенкарбонат (NaHCO3) | 525,0 mg | - | 8,08 g |
| Калиум хлорид (KCl) | 375,0 mg | - | 5,77 g |

*НРВ – нутритивна референтна вредност

**Состав:** глукоза, натриум хлорид, натриум хидрогенкарбонат, калиум хлорид.

| **Нутритивни информации:** | **1 ќесичка (6,5 g)** | **100 g** |
|---|---|---|
| Енергетска вредност (kJ / kcal) | 85,0 / 20,0 kcal | 1.307,6 / 307,7 |
| Масти – вкупно (g) | 0,0 | 0,0 |
| од тоа заситени масни киселини(g) | 0,0 | 0,0 |
| Јаглехидрати – вкупно (g) | 5,0 | 76,9 |

| | | |
|---|---|---|
| од тоа шеќери (g) | 5,0 | 76,9 |
| Протеини (g) | 0,0 | 0,0 |
| Сол (g) | 0,6 | 9,2 |

| **Состав на готовиот раствор** | **mmol/l** |
|---|---|
| $Na^+$ | 33 mmol/l |
| $K^+$ | 10 mmol/l |
| $Cl^-$ | 30 mmol/l |
| $HCO_3^-$ | 12,5 mmol/l |
| Глукоза | 55,5 mmol/l |
| Осмолалитет | 141 mosmol/l |

**Употреба:**

Деца на возраст над еден месец и возрасни: Содржината на ќесичката растворете ја во 250 ml преврина вода, оладена на собна температура. Подготвениот раствор е погоден за употреба во следните 24 часа.

Подготвениот раствор **Orosal® 65** се употребува кај лесен до средно тежок степен на дехидрататција кај деца и возрасни со пролив и/или повраќање. Се дава во мали порции (со лажичка или со голтка од шише/чаша). Повраќањето не е пречка за употреба на производот и тоа вообичаено престанува во тек на рехидратацијата.

Според степенот на дехидратација, доенчињата и мали деца треба да земаат **Orosal® 65** во доза од 50-100 ml/kg телесна тежина во тек на 4-6 часа. Во последните 2 часа на рехидратацијата се дава вода, а на доенчето и мајчино млеко во количина од 50 ml/kg телесна тежина. Доколку не е воспоставена состојба на нормална хидрација, постапката се повторува на 6 часа на истиот начин.

**Забелешки:**

Производот не е соодветен за употреба како единствен извор на храна за лицата на кои им е наменет.

Да се чува далеку од дофат на деца.

**Предупредувања:**

Препорачаната дневна доза не смее да се надминува.

Производот не смеат да го користат лица преосетливи на која било состојка на производот.

Производот не е наменет за лица со намалена функција на бубрезите, зголемена концентрација на калиум во крвта и со алкалоза.

Лицата со висок крвен притисок, срцева слабост, отоци и шеќерна болест, за надоместување на течности и електролити, може да го користат овој раствор само под надзор на доктор.

Кај лицата со нарушено голтање (повреда и заболување на централниот нервен систем и др.), производот може да се употреби преку сонда.

Производот мора да се употребува под медицински надзор.

Производот не е наменет за парентерална употреба.

**Начин на чување:**

Да се чува во оригиналното пакување, заштитено од светлина и влага, на температура до 25 ˚C.

**Рок на употреба**

Не смее да се употребува по истекот на рокот на употреба означен на пакувањето.

**Пакување**

5 ќесички со по 6,5 g прашок за подготовка на раствор за перорална употреба

**Произведено во Република Србија.**

**Застапник:**

ГАЛЕНИКА ДООЕЛ Скопје, Булевар Кочо Рацин бр.14, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

**Galenika**